Архивски број: 08-47/3
11-03-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-662/1 од 11.9.2025 година поднесена од -----, против -----, директорот на училиштето ----- и заменикот директор -----, за извршена дискриминација врз основа на потекло и политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на потекло во областа на работата и работните односи сторена од страна на поранешниот заменик директор на -----, ----- врз -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-662/1 од 11.9.2025 година, од страна на ----- за сторена дискриминација врз основа на потекло и политичко уверување во областа на работа и работни односи, од страна на -----, директорот ----- и заменикот директор -----.

Согласно наводите од претставката, подносителката како вработена во ----- тврди дека при првична распределба на часовите, заменикот директор ----- изјавил дека „За ----- нема часови овде, она е од село нека си оди во ----- – таму ѝ е местото, овие часови ќе ги дадеме на -----, тој е наше дете -----, да си се групираме градски!“ За ваквата изјава, подносителката наведува дека истата е навредлива и дискриминаторска бидејќи се темели на нејзиното место на живеење, а не на професионални критериуми.

Во продолжение на претставката, подносителката наведува дека на 7.8.2025 година потпишала нов договор за учебната 2025/2026 година со 19 наставни часа, врз основа на објавен јавен оглас. Оттука, наведува дека иако имала важечки договор до 31.8.2025 година, работодавачот ја одјавил од задолжителното здравствено осигурување, поради што останала без здравствено осигурување во периодот од 7.8.2025 до 25.8.2025. Во прилог на ова, истакнува дека по реакција била повторно пријавена, но не успеала да реализира закажан преглед на 21.8.2025 година, за кој чекала неколку месеци.

Во претставката е дополнително наведено дека на 11.8.2025, подносителката била усно известена од страна на директорот дека заменик-директорот поднел оставка и дека поради истото, нејзе ќе ѝ се намали фондот на часови, при што тврди дека ѝ бил понуден анекс на договорот согласно кој ќе има работно време од 18 работни часа неделно, со што смета дека ѝ се вршат притисоци да се откаже од преостанатите 9 часа и да си оди во -----, истакнувајќи дека заменик директорот сè уште ги вршел обврските за позицијата. Во продолжение, се наведува дека по реакцијата за здравственото осигурување и изјавата на подносителката дека ќе води постапки за заштита на нејзините права, на 25.8.2025 година ѝ бил понуден анекс на договорот со намалени часови, за што подносителката наведува дека *„истиот беше датиран со 22.5.2025, што претставува ретроградно датирање и манипулација.“* Во однос на вака понудениот анекс договор, подносителката наведува дека одбила да го потпише истиот, следствено на што доставила изјава дека изречно не се откажува од часовите, на што тврди дека директорот ѝ одговорил дека „наредбата е таква од надвор и јас ништо не можам“.

На крајот на претставката, се наведува дека и покрај дадената изјава, подносителката била пријавена со 18 работни часа, односно 9 наставни часа неделно, за што тврди дека претставува незаконско намалување на фондот на часови. Дополнително на ова, наведува дека на 10.9.2025 година на наставнички совет побарала збор за јавно да ја разјасни ситуацијата, при што наведува дека на дел од нејзините прашања, директорот дал одговори кои не биле правно издржани, при следело истакнување на докази и евентуален прекин на состанокот, поради што подносителката се жали дека не ѝ било овозможено да ги изложи фактите и документите.

На 12.9.2025 година, подносителката на претставката достави дополнување бр. 0808-662 на истата која се содржеше од писмена изјава од страна на друг вработен во -----, при што истата гласи:

*„Во јуни ѝ кажав на колешката ----- дека колегата* ----- (заменикот директор) *ми спомна оти она требало да оди во -----, а овде требало да дојде колегата -----, он бил градско а таа селско, и ѝ прилегало во -----, со што и јас се почувствував навреден. Ја известив колепката за да знае и да се снаоѓа.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.10.2025 година испрати Известување бр. 08-662/3 за произнесување по наводите од претставката до ----, директорот и заменик директорот на училиштето.

На ден 27.10.2025 година, до Комисијата беше доставено произнесување арх. бр. 08-662/4 од страна на -----.

Во произнесувањето, најпрво се наведува дека наводите изнесени за лицето ----- кој во наведениот период од месец јуни 2025 година бил именуван за заменик директор, а во моментот на поднесување на одговорот е наставник по спорт и спортски активности, истиот дал писмена изјава дека не се наоѓа себеси на позицијата помошник директор и се откажал од истата. Во оваа насока, наведеното лице има дадено писмена изјава која гласи *„Јас како вработен во училиштето, иако во моментот не сум заменик директор, функција која ми заврши на мое барање на 31.8.2025 година, сметам дека во вршењето на мојата работна задача и тогаш и сега немам дадено навредувачка или омаловажувачка изјава спрема ниту еден колега, а посебно за вработената -----. Наводите кои именуваната ги има дадено против мене ги отфрлам како неточни бидејќи јас немам никакво влијание во училиштето ниту по закон обврска да вршам распределба на наставни часови. Тоа е работа на одговорното лице – директорот за кој тврдам дека договорно во рамките на законските прописи има донесено одлука за склучување на договор за вработување на сите кои биле пријавени ан јавен оглас меѓу кои е и подносителката на претставката која ги држеше часовите по спорт и спортски активности на замена на мое место.“*

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека ----- има објавено оглас за наставен кадар на определено време за учебната 2025/2026 година меѓу кои се бара и 1 наставник по спорт и спортски активности со полно работно време, од кои 10 наставни часови се за замена на помошник директор. Оттука, се наведува дека до склучувањето на договорот согласно објавениот оглас, ----- со писмена изјава до училиштето се повлекува од позицијата помошник директор и истиот продолжува како наставник по спорт и спортски активности со преземање на наставните часови кои на негова замена ги спроведувала подносителката на претставката, согласно нејзиниот договор за вработување.

Во однос на наводите дека подносителката на претставката е одјавена во системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, истите се отфрлаат како неточни со образложение дека Центар за вработување ----- известиле дека била направена техничка грешка во системот на АВРСМ и не постои одјава на 7.8.2025 година. Во оваа насока, се истакнува дека во однос на истата правна работа, Државниот инспекторат за труд (во понатамошниот текст - ДИТ) има извршено вонреден инспекциски надзор во училиштето и за истото е констатирано дека е спроведена законска процедура без прекршување на законските прописи. Во прилог на произнесувањето е доставен и записникот од извршен инспекциски надзор, во кој ДИТ констатирал дека подносителката на претставката за заштита од дискриминација има склучено договор за вработување со ----- за засновање на работен однос на определено време со полно работно време, при што 10 од вкупно 20 наставни часа се за замена на заменик-директорот -----. Оттука, ДИТ утврдил дека не постои повреда на Законот за работни односи и дека вака уредениот работен однос е во согласност со член 46 став 2 од Законот, согласно кој *„Договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник може да се склучи до*

*враќање на привремено отсутниот работник".* Во оваа насока, по враќањето на вработениот ----- на позиција наставник по спорт и спортски активности, истиот ги преземал 10те наставни часа кои согласно договорот за вработување за претходната учебна година (2024/2025), ѝ биле распределени на подносителката на претставката.

Во продолжение, во однос на наводите за прекин на здравственото осигурување, во Записникот на ДИТ се наведува дека со Известување до ФЗО од АВРСМ, Агенцијата за вработување – Центар за вработување ----- го известил Фондот за здравство дека од нивна страна е извршено одјавување на наставен кадар во ----- и при одјавувањето е настаната грешка, односно се одјавени вкупно 9 лица вработени во училиштето, меѓу кои и подносителката на претставката. Оттука, се наведува дека по увидување на грешката, било направено сторнирање на одјавите со цел да не биде направен прекин во работниот однос на наведените лица.

Во прилог на произнесувањето е доставена и изјава од директорот на училиштето од 26.8.2025 година, во која наведува дека анексот на договорот за вработување понуден на подносителката на претставката не е потпишан од нејзина страна без образложение, при што во изјавата се наведени причините за намалениот фонд на часови во анексот на договор како „промена на обемот на работа – намалување на наставните часови кои ги извршува именуваната".

Поради фактот што за целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата утврди дека е потребно да се прибават дополнителни податоци во однос на наводите од претставката и одговорот даден во произнесувањето, на 12.1.2026 година до подносителката на претставката беше испратено Барање за информации бр. 08-47/1, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што беше побаран примерок од договорот за вработување кој подносителката го склучила со ----- за учебната 2024/2025 година.

На ден 16.1.2026 година, до Комисијата беа доставени примероци од Договорот за вработување на определено време за учебната 2024/2025 година и Договор за вработување за учебната 2025/2026 година, поднесок заведен под арх. бр. 08-47/2. Оттука, во договорот склучен во јануари 2025 година, истиот се склучува за времетраење од 8 месеци до 31.8.2025 година, како работен однос на определено време со полно работно време од 40 работни часа, односно 20 наставни часа. Во продолжение на оваа одредба од договорот, наведено е дека од 20те наставни часа, 10 се за замена на помошник директорот -----.

Во вториот приложен договор за вработување на определено време, кој е склучен на 5.8.2025 година за периодот од 1.9.2025 година до 31.8.2026 година, при што во истиот се наведува дека подносителката заснова работен однос со неполно работно време за 19 наставни часа или 38 работни часа, до крајот на учебната 2025/2026 година. Исто

како и во претходниот договор, се наведува дека 10 наставни часа се за замена на помошник директорот на училиштето.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителката на претставката за заштита од дискриминација засновала работен однос на определено време за периодот од 24.1.2025 до 31.8.2025 година во -----, при што ваквиот работен однос бил заснован со полно работно време од 40 часа, односно 20 наставни часа. Од овие 20 наставни часа, согласно договорот за вработување, 10 се за замена на помошник директорот на училиштето, при што заснованиот работен однос е за позиција наставник по спорт и спортски активности. Оттука, на подносителката ѝ бил понуден нова договор за вработување на определено време за учебната 2025/2026 година, за 19 наставни часа (38 работни часови), на 7.8.2025 година.

Во продолжение на ова, согласно утврдената фактичка состојба од страна на Државниот инспекторат за труд при вршење на инспекциски надзор, подносителката на претставката, заедно со уште 8 вработени во ----- биле одјавени од 7.8.2025 година, при што од АВРСМ истакнуваат дека настанала техничка грешка и за исправка на истата, било направено сторнирање на одјавите следствено на што на ниту еден од 9те вработени не им бил евидентиран прекин во работниот однос. Поради времената одјава во АВРСМ, подносителката истакна дека не можела да оствари закажан преглед поради немањето на здравствено осигурување, за што на 28.8.2025 реагирала кај работодавачот. Подносителката тврди дека поради ваквата реакција, ѝ бил понуден нов договор за вработување, со 10 наставни часа (20 работни часа неделно), поради враќање на помошникот директор на позиција наставник по спорт и спортски активности. Во врска со наведеното, заменик директорот на 8.8.2025 година дал изјава согласно која од лични причини поднесува неотповиклива оставка од позицијата заменик директор и следствено на тоа, бара од почетокот на следната учебна година да се врати на позицијата наставник по спорт и спортски активности. Поради наведената оставка, на 26.8.2025 година, на подносителката на претставката за заштита од дискриминација ѝ е понуден анекс на договорот за вработување за учебната 2025/2026 година, со 10 наставни часа (20 работни часа неделно) поради фактот што по оставката на заменик директорот (наставник по спорт и спортски активности), веќе не постои потреба да подносителката на претставката го заменува истиот за дополнителните 10 наставни часа за кои ѝ бил склучен претходниот договор.

На крај, во прилог на претставката беше доставена своерачно потпишана изјава од вработен во -----, која ги потврдува наводите во претставката дека во разговор помеѓу вработени во училиштето, од страна на заменик директорот ----- било наведено дека *„-----треба да оди во -----, овде треба да дојде колегата -----, тој е градско дете, таа е селско дете и ѝ прилега да е во -----.“*

Оттука, Комисијата утврди дека вака утврдената фактичка состојба претставува вознемирување врз -----, согласно **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Согласно погоре цитираната изјава, Комисијата констатира дека истата предизвикала вознемирување кај подносителката врз основа на фактот што потекнува од рурална средина, при што ваквото вознемирување се манифестирало со повреда на нејзиното достоинство во работната средина. Во продолжение на ова, Комисијата дополнително го ценеше и фактот што во произнесувањето, наведениот потенцијален дискриминатор не го докажа спротивното и не го поби тврдењето истакнато во претставката за заштита од дискриминација, при што во однос на истото беше наведено дека истиот при вршењето на неговата работна задача немал дадено навредувачка или омаловажувачка изјава спрема ниту еден колега, а особено не за подносителката на претставката.

Во однос на остатокот од истакнатите тврдења за сторена дискриминација, Комисијата го утврди следното:

Не е извршена дискриминација врз основа на политичко уверување и потекло во делот на понудување на нов договор за вработување на определено време со намален број на работни часови. Имено, за конкретниот навод, Комисијата утврди дека договорот за вработување заснован за учебната 2024/2025 година бил за 40 работни часа од кои 20 за замена на заменик директорот кој претходно бил на позицијата наставник по спорт и спортски активности. Оттука, по давањето на изјава за повлекување од позицијата на заменик директор, истиот се враќа на позицијата наставник по спорт и спортски активности, следствено на што на подносителката ѝ се понудува нов договор за вработување на определено време од 1 година, за преостанатите 20 часа (10 наставни часа), имајќи го предвид фактот дека веќе не постои потребата од нејзино ангажирање за замена на часовите на другиот наставник. Истото е во согласност со член 46 став 2 од Законот за работните односи (Службен весник број 124/2025):

*„(1) Договор за вработување може да се склучи на определено време за вршење на исти работи, со прекин или без прекин до пет години.*
***(2) Договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник може да се склучи до враќање на привремено отсутниот работник.***

*(3) Работниот однос заснован со договор за вработување на определено време, освен договорот за вработување за вршење на сезонска работа, се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, под услови и на начин утврдени со закон.*
*(4) По исклучок работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, ако работникот работи повеќе од две години на работно место кое е ослободено по основ на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавачот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.“*

Во однос на наводите за сторена дискриминација при одјавувањето од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, имајќи ги во предвид произнесувањето и Записникот за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, Комисијата утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на наведените дискриминаторски основи, имајќи ја предвид фактичката состојба дека станувало збор за техничка грешка направена од страна на Агенцијата за вработување – Центар за вработување -----. Оттука, Комисијата го ценеше фактот дека при ненамерното одјавување на вработени, било направено одјавување на вкупно 9 вработени, при што по увидување на грешката, одјавите биле сторнирани и не бил направен прекин во работниот однос на наведените лица. Имајќи го предвид наведеното, Комисијата утврди дека не станува збор за нееднакво или дискриминаторско постапување исклучиво кон подносителката на претставката, дополнително на фактот што не е воспоставена каузална врска помеѓу истакнатите наводи за дискриминација и наведените дискриминаторски основи.

Оттука, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди вознемирување врз основа на потекло во областа на работата и работните односи од страна на поранешниот заменик директор на -----, ----- врз -----.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** поранешниот заменик директор на ----- – ----- писмено да ѝ се извини на подносителката на претставката за вознемирувачките изјави дадени во

врска со нејзиното потекло **во рок од 30 дена и за истото писмено да ја извести Комисијата**.

Напомена: Доколку лицата не постапат согласно дадената препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ